РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
**AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08-124/4
30.10. 2024 год.-viti
Скопје - Shkup

МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
СВЕТИ НИКОЛЕ
СВЕТИ НИКОЛЕ - Р. СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
07.11.2024
03-198/5

Врз основа на член 145 став (6) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 154/19), директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за почеток со работа студиската програма од втор циклус на академски студии-постдипломски студии (60 ЕКТС) по „Деловно право“, на Факултет за правни науки при Меѓународен Славјански Универзитет „Гаврило Романович Державин“ Свети Николе**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската од втор циклус на академски студии-постдипломски студии (60 ЕКТС) по „Деловно право“, на Факултет за правни науки при Меѓународен Славјански Универзитет „Гаврило Романович Державин“ Свети Николе.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

По добивање на Решението за акредитација бр.08-499/7 од 30.01.2024 година од страна на Одборот за акредитација на високото образование, Факултет за правни науки при Меѓународен Славјански Универзитет „Гаврило Романович Державин“ Свети Николе, се обрати со барање бр.02-46/1 од 08.02.2024 година до Агенција за квалитет во високото образование, под наш бр.08-124/1 од 08.02.2024 година, за утврдување на условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус на академски студии-постдипломски студии (60 ЕКТС) по „Деловно право“, на Факултет за правни науки при Меѓународен Славјански Универзитет „Гаврило Романович Державин“ Свети Николе.

Директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, со Решение бр. 08-124/2 од 09.10.2024 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата, на ден 24.10.2024 година, изврши увид и изготви Извештај бр. 08-124/3 од 28.10.2024 година, каде е наведено дека за студиската од втор циклус на академски студии-постдипломски студии (60 ЕКТС) по „Деловно право“, на Факултет за правни науки при Меѓународен Славјански Универзитет „Гаврило Романович Державин“ Свети Николе, се исполнети условите, согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение, може да се заведе управен спор со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**ДИРЕКТОР/DREJTOR,**
**Dr. Rasim Zuferi**

Доставено до:
- Високообразовната установа;
- Архивата на АКВО
изработил: Милена Ефремовскаа
одобрил: Севгил Муртези

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08 - 499/7
30.01. 2024 год.-viti
Скопје - Shkup

МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
СВЕТИ НИКОЛЕ
СВЕТИ НИКОЛЕ - III - Р. СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
30.01.24
03 39/1

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 69 седница одржана на 27.12.2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиската програма „Деловно право", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС), на Факултет за правни науки при Меѓународен Славјански Универзитет „Гаврило Романович Державин" Свети Николе**

1. Се акредитира студиската програма „Деловно право", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС), на Факултет за правни науки при Меѓународен Славјански Универзитет „Гаврило Романович Державин" Свети Николе, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).
2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2023/2024 година.
3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 60 ЕКТС кредити и со стручен назив: Магистер на правни науки - Деловно право /во меѓународен промет, стручен, назив: Master of Law - Business law.
4. Научно - истражувачко подрачје: 5 Општествени науки; Научно – истражувачко поле: 508 Правни науки, Научно – истражувачка област: 50824 Деловно право.
5. Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во прва година, на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение, изнесува 15 студенти.
6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената Одлука бр. 13-38/4 од 27.01.2023 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Деловно право", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС), на Факултет за правни науки, Меѓународен Славјански Универзитет „Гаврило Романович Державин" Свети Николе, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.13-30/1 од 31.01.2023 година (наш бр. 08 - 499/1 од 31.01.2023 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 54-та седницата одржана на 09.03.2023 година, формирана Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на Стручната комисија, бр.08 - 499/6 од 10.01.2024 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност, Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 69-та седница одржана на 27.12.2023 година,одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова